Република Северна Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës**

# ЗАПИСНИК
# Од деветтата седница на Секретаријатот за реформа на јавната администрација
# одржана на ден 21.06.2021 година со почеток во 11.00 часот електронски, преку ZOOM апликацијата

**Присутни:** Александар Бајдевски (МИОА), Aleksandrs Antonovs, (CPM Consulting International), Слаѓана Тасева (CPM Consulting International), Dace Gruberte (CPM Consulting International), Снежана Нацаковска (СЗ), Ардита Дема (ЗЕЛС) Кристина Димовска (СЕП), Мирјанка Алексевска (МТСП), Маја Малјановска (МП), Љубица Панова (МТСП), Димитар Ванчов (МЛС), Александра Лулкоска (МФ), Елена Манчева (МИОА), Лаура Идризи (МИОА), Есма Адиловиќ Фазлиќ (МИОА), Ангела Саплиева (МИОА), Владимир Серафимовски (МИОА).

Деветтата седница на Секретаријатот за РЈА започна со воведно обраќање на Александар Бајдевски, заменик министерот за информатичко општество и администрација кој раководи со Секретаријатот, кој ги поздрави присутните членови на Секретаријатот за РЈА и експертите од проектниот тим на Проектот ИПА 2 „Поддршка на државната реорганизација“ и им се заблагодари на присуството на онлајн седницата.

Веднаш потоа Бајдевски го предложи дневниот ред на деветтата седница на Секретаријатот за РЈА.

ДНЕВЕН РЕД

1. **Усвојување на Записникот од осмата онлајн седница на Секретаријатот за реформа на јавната администрација, одржана онлајн на ден 02.12.2020 година во 10:00 часот;**

2. **Разгледување на Интегриран извештај за реорганизација на ОДУ ;**

3. **Разгледување на Третиот полугодишен извештај за 2020 година од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018 – 2022 година;**

4. **Разгледување на Третиот годишен извештај за имплементација на Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018 – 2022) за 2020 година;**

5. **Статус на реализација на активностите од I и II квартал за 2021 година од Акцискиот план на СРЈА 2018 – 2022 година и**

6. **Разно (прашања/предлози)**

Бидејќи присутните немаа забелешки, предложениот дневен ред се усвои.

Во однос на точка 1 „**Усвојување на Записникот од осмата онлајн седница на Секретаријатот за реформа на јавната администрација**“ никој од присутните немаше забелешки, по што истиот беше усвоен.

Во однос на точка 2 „**Разгледување на Интегриран извештај за реорганизација на ОДУ“**, претседавачот Бајдевски го повика експертот од ИПА 2 Проектот „Поддршка на државната реорганизација“ Александар Антоновс да го презентира предлогот за реорганизација.

Експертот, Антоновс наведе дека заклучоците на експертскиот тим се:

- не постои единствен хиерархиски систем, повеќе органи се основани со lex specialis (82) отколку согласно ЗОРОДУ (62),
- има 100+ буџетски корисници од прва линија,
- има нејасни критериуми за статус на правно лице,
- хиерархијата на отчет е збунувачка, не се поднесуваат извештаи,
- постојат 19 типови на органи на државната управа без јасни критериуми,
- нема назначување / раздвојување за функциите: планирање политики, спроведување, и надзор/ контрола.

Основните поенти од презентацијата беа: помалку институции преку нивни спојувања и укинувања, извршни функции во рамките на извршната власт, јасна хиерархија на поднесување извештаи во областа на политиките, поделба на функции: облик, реализација, контрола и поврзаност со процесот на буџетирање. Во самото излагање експертот образложи кои институции би се споиле, а кои би се укинале како и која управа би потпаднала под кое министерство.
По презентацијата, Бајдевски отвори дискусија на која присутните имаа можност за прашања и коментари.
Државниот секретар на МИОА Елена Манчева побара објаснување од експертот по кој принцип (функционален или ресорен) се избрани институциите (Управата за водење на матични книги, Агенцијата за катастар на недвижности, Централниот регистар, Марнет и Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти-АЕК) кои согласно предлогот за реорганизација се планира да бидат дел од новата Дигитална Агенција.
Имено, истакнаа дека Марнет има хомолози во институции во сите земји кои на ниво на Европа се обединети во една организација и спојувањето/укинувањето на Марнет би можело да претставува проблем.
Понатаму, постави прашање која е функцијата на преземањето, односно кои функции ќе ги имаат Министерството за животна средина и Министерството за транспорт и врски наспроти Дигиталната Агенција како и зошто Управата за водење на матични книги од Министерството за правда би потпаднала под МИОА. Притоа истакна дека во МИОА имаат стигнато мислења од одредени институции со забелешки кон предлогот за реорганизација и побара објаснување дали тие мислења се земени предвид од страна на проектниот тим при подготовка на предлогот за реорганизација на ОДУ. Заврши упатувајќи му на експертот прашање дали постои некаква анализа која дава одговор што ќе се постигне со укинувањето односно спојувањето на сите институции.
Експертот Антоновс наведе дека предлогот за формирање на Дигитална Агенција е на МИОА, и тоа поради тоа што МИОА се занимава со политики со кои не би требало да се занимава, за кои цели би требало да постои Агенцијата. Притоа истакнаа дека нивниот предлог е под Агенцијата да потпадне и Марнет и не сметаат дека тоа би можело да предизвика некакви негативни последици. Истакна дека спојувањето на набројаните институции

е предлог на МИОА и тоа со образложение дека потребно е да постојат бази на податоци кои ќе и бидат достапни на Агенцијата за дигитализација и кои ќе бидат оперативни и функционални, во насока на понатамошно развивање на е-управувањето, односно е-влада.

Во однос на прашањето за политиките од областа на градежништво предложи истото да се решава на Советот за РЈА, но дека се сигурни дека двајцата министри се свесни дека постои преклопување на интересите што е веќе разговарано и не е изненадување за ниту едно од министерствата. Истакна дека не е никаков проблем експертскиот тим да направи измена во извештаите во случај Советот за РЈА да предложи реорганизација на некој поинаков начин од оној кој го предлагаат тие.

Снежана Нацаковска од СЗ го праша експертот дали го добил мислењето од СЗ, му беше објаснето за надлежностите на СЗ и неговата поставеност и дека неговиот предлог да биде во рамките на ГС не е соодветен бидејќи СЗ нема координативна функција, за разлика од надлежностите на ГС кои се координативни и логистички. Меѓутоа, и покрај тоа што експертот остана на неговиот став односно предложена реорганизација.

Претседавачот Бајдевски му се заблагодари на експертот и предложи презентацијата да се разгледува на наредната седница на Советот за реформа на јавната администрација и апелираше да се направи уште еден напор да се разговара со кабинетите на Министерството за транспорт и врски, Министерството за правда, Министерството за култура, Министерството за образование и наука, Министерството за економија, како и МИОА во однос на доставените забелешки. Вака формираниот заклучок по однос на втората точка беше усвоен.
Бајдевски предложи спојување на **точката 3 „Разгледување на Третиот полугодишен извештај за 2020 година од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018 – 2022 година“ и точката 4 „Разгледување на Третиот годишен извештај за имплементација на Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018 – 2022) за 2020 година“**, со образложение

дека полугодишниот извештај е веќе инкорпориран во годишниот извештај и ѝ даде збор на Есма Адиловиќ Фазлиќ - раководител на Одделение за координација на Стратегијата за РЈА од МИОА, со цел да даде краток осврт на извештаите.

Есма Адиловиќ Фазлиќ, во своето излагање истакна дека поради пандемијата КОВИД 19 и политичката состојба во земјата во текот на 2020 година, Третиот полугодишниот извештај (јануари – јуни 2020) е подготвен подоцна од предвидениот рок и се совпаднал со периодот на известување со Третиот годишен извештај за имплементација на Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018 – 2022) за 2020 година. Притоа, Адиловиќ Фазлиќ истакна дека Третиот годишен Извештај претставува преглед за напредокот во спроведување на Стратегијата за РЈА 2018-2022 и Акцискиот план и постигнатите резултати во периодот јануари – декември 2020 година. Извештајот содржи информации за реализацијата на активностите предвидени да започнат со реализација во 2020 година, и активности кои започнале минатата година и се очекува да продолжат со реализација или да се финализираат во 2020 година. **Од вкупно 108 активности** за кои се известува во период јануари – декември 2020 година, **целосно спроведени се 18** активности, **спроведувањето е во тек на 24** активности, **а доцнат со реализација 66 активности**. Со тоа з**ададената временска рамка за 2020 година е 38,8 % реализирана.** Исто така овој Извештај вклучува и податоци/преглед на состојбата на имплементација на Акцискиот план од донесувањето на СРЈА и АП (февруари 2018 година) до крајот на овој извештаен период (декември 2020 година), со цел обезбедување целосен приказ на досегашната имплементација. Истовремено, наведе дека во подготовката на извештајот бил вклучен и граѓанскиот сектор преку инпут во вид на коментари и забелешки. Истакна дека во извештајот оваа година има и дел кој е новина, а тоа е влијанието на пандемијата со Ковид 19 врз имплементацијата на Стратегијата за РЈА за 2020 година. Во однос на содржината, го образложи степенот на реализација на активностите од Акцискиот план согласно предвидената временска рамка детално во секоја од приоритетните области, односно Креирање на политики и координација, Јавна служба и управување со човечки ресурси,

Одговорност, отчетност и транспарентност и Давање услуги и ИКТ поддршка на администрацијата.
Бајдевски предложи полугодишниот и годишниот извештај да се стават на усвојување. Бидејќи никој од присутните немаше забелешки, Секретаријатот за РЈА ги усвои извештаите од точка 3 и точка 4.
Потоа се премина на разгледување на **точка 5 од дневниот ред, „Статус на реализација на активностите од I и II квартал за 2021 година од Акцискиот план на СРЈА 2018 – 2022 година“**, Бајдевски ги повика сите присутни претставници од инситуциите да дадат кратко резиме, најпрвин давајќи и збор на Елена Манчева од МИОА.
Манчева даде преглед на активностите од четвртата приоритетна област - Давање услуги и ИКТ поддршка на администрацијата и наведе дека Акцискиот план и Стратегијата за ИКТ се поставени на ЕНЕР и би било корисно сите институции да дадат коментари и мислења пред нивно усвојување на седница на Влада. Додаде дека во однос на другите активности, делот за дигитализацијата бележи напредок во првата половина на 2021 година и се она со кое се доцнеше веќе се реализира. Во однос на ИКТ стратегијата, наведе дека се надева дека истата ќе биде донесена и усвоена од страна на Владата во втората половина на 2021 или првата половина на 2022 г. Додаде дека законот за CAF е во владина процедура и дека може да се очекува до крајот на јуни да влезе во собраниска процедура, како и дека интероперабилноста, регистарот на население и сите електронски услуги поврзани со порталот течат согласно предвидениот рок.
Бајдевски и даде збор на Есма Адиловиќ Фазлиќ. Притоа Адиловиќ Фазлиќ даде преглед во однос на првата приоритетна област -Креирање на политики и координација каде има доцнење во делот на донесување на измени на Деловниот за работа на Владата со цел донесување на новите документи за подобрување на квалитетот на регулативата, во однос на втората приоритетна област - Јавна служба и управување со човечки ресурси истакна дека приоритетно е да се донесат трите закони – ЗВЈС, ЗАС и ЗВРС од кои зависи имплементацијата на сите останати активности од оваа област, во однос на третата приоритетна област - Одговорност, отчетност и транспарентност истакна дека се реализираат активностите од ИПА 2 проектот за државна реорганизација. Во рамките на проектот изготвени се четири нацрт концепти на Законот за организација на органите на

државната управа и дека се работи на Предлогот на реорганизација кој што беше елабориран на оваа седница.
Мирјанка Алексовска од МТСП наведе дека во однос на посебната цел 2.2. од втората приоритетна област Јавна служба и управување со човечки ресурси односно подготовката на регулативата за новиот систем на плати потребна е експертска поддршка за да може да се продолжи со имплементација на предвидените активности.
Бајдевски наведе дека треба да се разгледа можноста да се најде донатор со цел да се продолжи со имплементацијата на активностите во однос на воспоставување на системот за плати согласно АП од Стратегијата за РЈА.
Во однос на точка 6 „Разно прашања/предлози“ Бајдевски отвори расправа.
Бидејќи никој од присутните немаше прашања и предлози по што Бајдевски им се заблагодари на присутните и ја затвори деветтата седница.